**Инфо билтен – октомври 2023**




Проценета соларна фотоволтаична инсталирана моќност на деградирано и неупотребливо земјиште, извор (c) Еко-свест, 2023

**Повици**

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Инспирирајте се од овие четири успешни приказни за климатска акција на локално ниво, реализирани од четири граѓански организации преку Програмата за ад-хок грантови.

Изложбата „Горчлив шеќер“, мултимедијален проект на уметникот Ѓорѓе Јовановиќ е поставена во Музејот на современата уметност во Скопје и меѓу другото, допира теми поврзани со влијанието на климатските промени врз земјоделието. Изложбата може да се посети до 10 февруари 2024 година.

Известување за раскинување за договор за грант број G001014.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Енергија**

Македонскиот енергетски сектор има потенцијал од најмалку 11 GW за сончева фотоволтаична енергија и 0.35 GW за енергија од ветер на деградирано и неупотребливо земјиште, со што на земјата ѝ се овозможуваат услови да стане лидер во регионалните напори за декарбонизација.

Подготвивме и анализа како да стигнеме побрзо до обновлива иднина, преку користење на деградирани и неупотребливи површини како локации за соларни и ветерни централи.

Граѓанските организации CEE Bankwatch Network и Еко-свест поднесоа три формални жалби во кои се наведуваат законски прекршувања во планираниот проект за изградба на гасоводот во Северна Грција и низ Македонија, со кој кај нас ќе се дистрибуира гас.

Македонското Собрание ги усвои измените и дополнувањата на Законот за развојна банка со кој се овозможува воспоставување Фонд за енергетска ефикасност за финансирање на инвестиции за енергетска ефикасност.

**Води**

На 14 октомври во Демир Капија се одржа настанот „Од визија до реалност: Демир Капија заштитено подрачје" кој е првиот во низата на активности поврзани со процесот на репрогласување на Демир Капија како заштитено подрачје.

Во галеријата на Културниот информативен центар во Скопје од 5 до 15 октомври беше отворена изложбата „Животи обликовани од вода". Преку објективите на седум фотографи од регионот, оваа патувачка изложба раскажува приказна за непрекинатите врски меѓу луѓето и реките.

**Заштита на животна средина**

Првиот предлог на Стратегијата за минерални суровини остава дилема помеѓу екстензивно рударство и одржлива економска трансформација. Дали животната средина е заштитена?

**Еко-свест Вевчани**

Продолжуваме со поставување нови информативни табли со цел поголема видливост, ориентираност и информираност на посетителите на Споменикот на природа „Вевчански извори".

Заедно со учениците и наставниците од ООУ „Страшо Пинџур" од Вевчани, по посетата на излетничкото место „Јанков камен" организиравме заедничко чистење на отпадот и ја оставивме природата како што заслужува.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Кражба на фото-замки во Спомeникот на природата „Вевчански извори“.

**Медиуми**

Сите рокови предвидени за донесувањето на Законот за климатска акција во Македонското Собрание се пробиени.

Разговор со Ѓорѓе Јовановиќ за изложбата „Горчлив шеќер“ во МСУ, која опфаќа и теми поврзани со влијанието на климатските промени врз земјоделието: Тотално уметничко дело со чувство на благост и горчина.

Одгласи од неодамнешниот Киматски Соларен саем одржан во Скопје на 15-17 септември 2023 година.

**Разно**

Сенаторот Бил Фирст (Bill First) зборува за нашата иницијатива „Заедно за реките“ за магазинот Форбс.

Дали емисиите на метан може да се намалат доколку кравите се хранат со морска трева, наместо со обична? Ова е во фокусот на извештај на Шведската агенција за заштита на животната средина, објавен неодамна.

Краток водич низ контроверзниот концепт на петнаесетминутни градови.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Sweden Sverige

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment